# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

4 февруари 2008 | Излегува по потреба | Година III | број 1



e-mail: contact@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за 2008 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Буџетот на Општина Гази Баба -Скопје за 2008 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.01.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-528/1**
**од 04.02.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на ЧЛЕН 36, став 1, точка 2, од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М. бр.5/02) и член 29 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04) Советот на Општината Гази Баба на триесет и втората седница, одржана на 29.01. 2008 година , донес9

## ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на
## Буџетот на Општина Гази Баба - Скопје за 2008 година

### ЧЛЕН 1

Во Буџетот на Општината Гази Баба за 2008 година , се врши измена и дополна во колоната Основен Буџет и тоа :

Во потпрограмата Н3 колона Основен буџет на потставката 425760 износот 2.759.000.- се заменува со бројот 0.

### ЧЛЕН 2

Во потпрограмата Н1 - Основно образовани9 колона Основен буџет,с9 врши следната измена и дополна:

на потставката 425760 износот **0,-** С9 заменува со износот **2.759.000.-**

### ЧЛЕН 3

Во Потпрограмата Н3- Превоз на ученици во образование, С9 врши следната измена и дополна : на потставката 425760 износот 5.377.000.- се заменува со износот 0.-

### ЧЛЕН 4

Во потпрограмата Н1 - Основно образовани9 се врши следната измена и дополна: на потставката 425760 износот **0.-** С9 заменува со износот **5.377.000.-**

**бр.07-293/2**
**од 29.01. 2008 год.**
**СК0ПЈ9**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за "Маџари-Хиподром" -Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за "Маџари-Хиподром" -Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.01.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-528/2**
**Од 04.02.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), и член 24, став 6 и 7, а во врска со член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на 29.01.2008 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За донесување на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром"-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром"-Скопје.

Одлуката за донесување на Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром" -Скопје ги почитува определбите на Генералниот урбанистички план на Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/2002), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиската содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.78/06).

**Член 2**

Со оваа Одлука се опфаќа просторот со површина од 35,93 ха со следните граници:
- Од Север: Осовина на Автопатот Е-75
- Од Исток: Осовина на "Пролетна офанзива"
- Од Југ: Осовина на ул."1"
- Од Запад: Западната граница на пешачка патека до новопланирана улица ја заобиколува и продолжува кон север до западната граница на КП 2152 ја сече новопроектираната улица и продолжува на север до КП 1977, ја сече новопороектираната улица, врти по осовината на истата и продолжува по граница на КП 202, на исток ја заобиколува КП 1979 до осовината на Автопатот.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за "Маџари-Хиподром"-Скопје, со Тех.бр. 2057/02 изготвен од АД "за урбанизам, проектирање и инжињеринг -ЗУМ" - Скопје, содржи:

I. ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

Текстуален дел:

ВОВЕД

1. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ, ГРАНИЦИ И ПОВРШИНА

2. ИСТОРИЈАТ НА ПЛАНИРАЊЕТО НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ И АНАЛИЗА НА СТЕПЕНОТ НА РЕАЛИЗАЦИЈА
3. ИЗВОД ОД ГУП -СКОПЈЕ 2002
4. ПОДАТОЦИ ЗА ПРИРОДНИТЕ ЧИНИТЕЛИ
5. ПОДАТОЦИ ОД СОЗДАДЕНИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
6. ЗАКЛУЧОЦИ ОД АНАЛИЗАТА ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА И МОЖНОСТИ ЗА ПРОСТОРЕН РАЗВОЈ
7. НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Графички прилози:

1.1. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА
1.2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА СО ЕВИДЕНЦИЈА НА БЕСПРАВНО ИЗГРДЕНИ ОБЈЕКТИ
2. ИЗВОД ОД ГУП-СКОПЈЕ (2002 год.).
3. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ

II. ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА
- Планиран развој 2007 -2012 год.-

Текстуален дел:

ВОВЕД
1. ВИД НА ПЛАН, НАЗИВ НА ПОДРАЧЈЕТО И ПЛАНСКИ ПЕРИОД
2. МЕСТОПОЛОЖБА НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
3. ИЗВОД ОД ГУП
4. ПЛАНСКА ПРОГРАМА ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
5. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКИОТ КОНЦЕПТ ВО РАМКИТЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ
6. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПЛАНСКОТО РЕШЕНИЕ
ЗА ИЗГРАДБА, НАМЕНА, ОПШТА УПОТРЕБА, СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА
7. ЕКОНОМСКО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
8. ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА
9. БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ
10.НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ
11.ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА
12. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

Графички прилози:

1. СИНТЕЗЕН ПРИКАЗ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1:1000
2. СООБРАЌАЕН И НИВЕЛМАНСКИ ПЛАН . . . . . . . . . . . . . . . . . 1:1000
3. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1:1000
3.1. ТЕЛЕФОНСКА ИНФРАСТРУКТУРА . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 1:1000

Графичките прилози, текстуалниот дел и параметрите за уредување на просторот се составен дел на планот, направени според Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр.51/05), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на

графичка обработка на урбанистичките планови ("Службен весник на РМ" бр.78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" 78/06).

**Член 4**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Советот на Општина Гази Баба и потпис на претседателот на Советот на Општина Гази Баба.

**Член 5**

Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба, во рок од 30 дена од донесувањето на оваа Одлука ќе обезбеди комплетна документација за реализирање на Деталниот урбанистички план.

**Член 6**

Деталниот урбанистички план со сите негови делови се чува, следи и за неговата реализација ќе се грижи Секторот за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште на Општина Гази Баба.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр.07-293/3**
**од 29.01.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Одлуката за комунален ред**
**во Општината Гази Баба**

1. Се објавува Одлуката за комунален ред во Општината Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.01.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-528/3**
**од 04.02.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 22 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.05/02), член 15 од Законот за Град Скопје ("Службен весник на РМ" бр.55/04) и член 7 од Законот за Комунални дејности ("Службен весник на РМ" бр. 45/97), Советот на Општина Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на 29.01.2008 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА КОМУНАЛЕН РЕД ВО ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Под комунален ред во смисла на оваа одлука се подразбира поблиско уредување на односите и начините за вршење на комунални дејности меѓу корисниците и давателите на услуги и тоа

одржување на јавна чистота
одржување, користење и заштита на јавните површини;
одржување, изградба и поставување на објекти од комунална инфраструктура
одржување, изградба и поставување на објекти од комунална инфраструктура
одржување и користење на јавното зеленило на сервисните и стамбените улици;
прекопување на јавните површини и јавното зеленило;
изградба и одржување на јавното осветлување на станбени и сервисни улици на подрачјето на општината;
отстранување на нерегистрирани и оштетени моторни и други возила од јавните површини и јавното зеленило;
отстранување на непрописно паркирани возила на јавни површини и во јавното зеленило
дезинфекција и дератизација;
одржување на комунални уреди и опрема;
изградба и одржување на јавни санитарни јазли
формирање, одржување и користење на пазари на големо и мало и урбаната опрема во состав на пазарите, под што се подразбира одржување на комуналните објекти, односно просторот и објекти изградени за давање на услуги на трговија и услуги на одржување и користење.

### Член 2

Под одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Гази Баба во смисла на оваа одлука се подразбира:собирање, транспортирање и депонирање на комунален цврст и технолошки отпад од населението и правните субјекти, чистење на септички јами ,одржување на јавни санитарни јазли, миење, метење, отстранување на лисја, кал, и псовисани животни од јавните површини.

### Член 3

Комуналните дејности од член 1 на оваа одлука, може да ги вршат јавни претпријатија основани од Град Скопје или од Општина Гази Баба (во натамошниот текст Општината) или други правни и физички лица врз основа на дозвола, (во натамошниот текст овластен субјект) што ја издава Градоначалникот на Општина Гази Баба.

Меѓусебните права, обврски и одговорности на Општина Гази Баба и овластениот субјект се уредуваат со договор.

**Член 4**

Активностите наведени во член 2 алинеја 1 од оваа Одлука за руралниот дел на Општина Гази Баба ги врши ЈКП ГАЗИ БАБА-2007.

**Член 5**

Развојот на комуналните дејности се врши со планови и програми што ги донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 6**

Јавни површини во смисла на оваа одлука се

јавни сообраќајни површини - коловози, тротоари, пешачки и велосипедски патеки на сервисни и стамбени улици.

**Член 7**

Јавното зеленило во смисла на оваа одлука се

површини на сервисни и стамбени површини под зеленило и површини предвидени за озеленување.

**Член 8**

Под објекти од комунална инфраструктура во смисла на оваа одлука се подразбираат објектите утрвдени во Законот за комунални дејности.

Под комунални уреди и опрема, во смисла на оваа одлука се подразбираат фонтани, чешми, канделабри, столбови за јавно осветлување, клупи, жардињери, садови за смет, корпи за отпадоци, заштитни огради и столбчиња и слично.

**Член 9**

Се забранува:

- оштетување или загадување на јавните површини и јавното зеленило;
- оштетување и загадување на објектите од комуналната инфраструктура, на уредите и комуналната опрема;
- пишување, цртање и на друг начин оштетување на објектите од комуналната инфраструктура, уредите и опремата;
- неовластено отстранување, преместување и поставување објекти на комуналната инфраструктура, уредите и опрема, како и попречување на нивното поставување;
- мешање малтер на јавни површини и во јавно зеленило;
- оставање и складирање на градежни материјали, амбалажа и други видови на материјали од било какво потекло;
- минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид на возила освен возила на брза помоши, полиција и противпожарна служба и нивно миење на јавни површини (пешачки патеки, тротоари, плочници помеѓу зградите и др) ;
- исфрлање и складирање на разни течности и отпадни води од разни технолошки процеси во садови кои не се за таа намена.
- Фрлање хартија,отпушоци и други отпадоци вон корпите за отпадоци и садовите за смет;
- запалување и затрупување на умрени домашни животни и смет;
- фрлање жар и истурање вода, штетни и запаливи материи и течности што не спаѓаат во домашен смет;
- испуштање на отпадни води од домаќинствата во отворените атмосверски канали и други јавни површини
- затрупување на отворените атмосверски канали со земја,шут и друг вид на отпад

II. ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО НА СЕРВИСНИ И СТАМБЕНИ УЛИЦИ

**Член 10**

Под јавното зеленило во смисла на оваа одлука се подразбираат тревници, цветни и други насади, живи огради, грмушки, дрвја и дрвореди.

Под јавното зеленило на сервисно и стамбени улици во смисла на оваа одлука се подразбираат зеленилото на и покрај горенаведените улици, јавните паркиралишта, детските игралишта и плоштадите.

Одредбите на оваа одлука што се однесуваат на јавното зеленило на сервисни и стамбени улици наведени во став 2 на оваа одлука ќе се применуваат и на јавното зеленило на урбани единици, јавното зеленило дадено на користење на претпријатија и други правни лица, образовните, културните, здравствените и другите установи, станбените комплекси и во дворовите на физичките лица свртени кон улиците.

**Член 11**

Одржувањето на јавното зеленило опфаќа:

подигање, одгледување и обновување на јавното зеленило;

заштита на јавното зеленило од оштетување, болести и штетници;

чистење на озеленетите површини;

одржување на објекти, уреди, инсталации и урбана опрема што се наоѓа на озеленетите површини и нивна заштита од оштетувања.

одржување и чистење на патеките околу зелените површини.

**Член 12**

Одржувањето на јавното зеленило се врши врз основа на годишна програма во која што се планираат површините за озеленување и обновување, видовите на зеленилото, поставувањето и видот на урбаната опрема во јавното зеленило и работи на одржувањето, како и трошоците за извршување на овие работи и изворите на средствата.

Под урбана опрема во јавното зеленило од член 10 алинеа 1 на оваа Одлука се подразбира:

спортски и детски игралишта

клупи

чешмички за пиење вода

фонтани

огради и др.

Програмата од став 1 на оваа одлука ја донесува Советот на Општина Гази Баба.

**Член 13**

На јавното зеленило не е дозволено:

корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда;

било какво оштетување на јавното зеленило (соголување и засекување на стеблата, газење и седење на тревниците, кинење на цвеќе, откорнување на цветнии тревни бусени и слично);

деградирање на растителните услови (отстранување на земјата и откривање и оштетување на корењата, затрупување на стеблата, промена на структурата и составот на почвата и слично) ;

копање и изнесување на земја, копање на канали, вршење на прекопи и слично без оддобрение од Секторот за урбанизам, просторно планирање и заШтитан на животната средина,комуналните дејности и уредување на градежно земјиШте на ОпШтина Гази Баба

собирање на цветови и плодови од дрвјата;

палење на оган и палење на стеблата;

фрлање и оставање на отпадоци надвор од местата определени за таа намена;

истоварање и оставање на стока, амбалажа, шут, градежен и огревен материјал и слично на јавното зеленило;

истурање на нечиста вода и други течности што ја загадуваат и оштетуваат озеленетата површина;

чување и напасување на добиток;

закачување, ковање и потпирање на рекламни паноа, натписи и лепење на плакати по дрвјата;

поставување, поправка, замена и преместување на објекти, уреди, инсталација, комунална опрема, киосци, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази, соопштенија и слично без оддобрение од Секторот за урбанизам, просторно планирање и заШтитан на животната средина,комуналните дејности и уредување на градежно земјиШте на

Општина Гази Баба;

уништување и оштетување на објекти, уреди, инсталација, комунална инфраструктура, рекламни паноа, натписи, знаци, патокази и сл.

минување, запирање, паркирање и оставање на било кој вид на возила и нивно миење.

**Член 14**

Корнење, сечење и кастрење на дрвја, грмушки и жива ограда може да се врши заради нивно редовно одржување или обновување, ако се нападнати од штетни инсекти, ако се суви или оштетени од елементарни непогоди, ако пречат на подземни и надземени инсталации, кога пречат на видливост на улиците и на проодноста на тротоарите и патеките и заради изградба на објекти предвидени со деталните урбанистички планови и генералниот урбанистички план.

Работите од став 1 на овој член се вршат само врз основа на одобрение дадено од Секторот за урбанизам, просторно планирање и заШтитан на животната средина,комуналните дејности и уредување на градежно земјиШте на Општина Гази Баба, во кое се утврдуваат условите, начинот и трошоците за извршените работи.

Во случај на откорнување и сечење на дрвја, грмушки и слично просторот мора соодветно да се обнови.

**Член 15**

При градење на објекти предвидени во деталните урбанистички планови и вршење на прекопи во јавното зеленило, градителот е должен, до го сочува околното постојно јавно зеленило, уреди, инсталации и комунална и урбана опрема и пред да отпочне со работа да ги заштити.

Пред отпочнување на работите, овластените претставници на градителот заедно со овластените претставници од Општината составуваат записник за состојбата на јавното зеленилото и комуналната и урбана опрема.

Пред добивање на одобрение за градба, градителот е должен на сметката на Општина Гази Баба да депонира средства како гаранција за покривање на трошоците за враќање на јавното зеленило и комуналната и урбана опрема во првобитна состојба додека истите не бидат извршени од страна на градителот.

Рефундирањето на депонираните средства како гаранција ке се изврши по изготвен записник од страна на овластените претставници од Општината и овластени претставници од страна на градителот во рок од 30 дена.

Работите од став 1 на овој член не можат да се вршат непосредно по уредување на јавното зеленило, освен заради отстранување на дефект на комуналната инфраструктура.

**Член 16**

На јавното зеленило може привремено да се поставуваат рекламни паноа, подвижни

апарати (фрижидери за сладолед, автомати и масички за продажба на пијалоци, цигари и сл.) само по претходно одобрение од Секторот за урбанизам, просторно планирање и заШтитан на животната средина,комуналните дејности и уредување на градежно земјиШте на Општина Гази Баба.

Одобрението од став 1 на овој член особено содржи: назив, односно име и презиме на корисникот на локацијата, означување на локацијата, видот на уредот односно апаратот што се поставува, висината што корисникот треба да ја плати за одржување на површината, согласно утврдениот ценовник и времетраење на одобрението.

**Член 17**

Висината на средствата од член 13 став 3 и член 14 став 2 на оваа одлука ја утврдува Советот на Општина Гази Баба, според постојните стандарди за подигање на зеленило по $м^2$.

ПРЕКОПУВАЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

**Член 18**

На јавни површини можат да се вршат прекопи и слични дејствија заради поставување, поправка и замена на подземни и надземни инсталации и други објекти на комунална инфраструктура, уреди и комунална опрема, само по добиена согласнот од Секторот за урбанизам, просторно планирање и заШтитан на животната средина,комуналните дејности и уредување на градежно земјиШте на Општина Гази Баба.

Со согласноста од став 1 на овој член се определува рокот за извршување на работите, мерките за заштита, обврската за геодетско снимање на подземната инсталација, сообраќајно решение и согласност за режимот на сообраќај доколку се врши прекоп на јавна сообраќајна површина, како и рокот и начинот на донесување на јавната површина во првобитна состојба.

Пред добивање на одобрение за градба, градителот е должен на сметката на Општина Гази Баба да депонира средства како гаранција за покривање на трошоците за враќање на јавната површина во првобитна состојба, додека истите не бидат извршени од страна на градителот.

Рефундирањето на депонираните средства како гаранција ке се изврши по изготвен записник од страна на овластените претставници од Општината и овластени претставници од страна на градителот во рок од 30 дена.

Работите од став 1 на овој член не можат да се вршат непосредно по уредување на јавната површина, освен заради отстранување на дефект на комуналната инфраструктура.

**Член 19**

Со барањето за прекопување на јавна површина инвеститорот е должен да поднесе прописна техничка документација и доказ за депонирани средства од член 16 став 3 на оваа одлука.

**Член 20**

На јавни површини прекопи можат да се вршат од 15 март до 15 ноември.

Надлежниот општински орган може да издаде согласност за вршење на прекопи надвор од рокот определен во став 1 од овој член доколку за тоа постојат оправдани услови.

ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

**Член 21**

Под одржување на јавното осветлување во смисла на оваа одлука се подразбира одржување на уличното и блоковското осветлување во исправна состојба и тоа одржување на објектите и инсталациите, замена на светлечките тела, чистење и боење на столбовите на јавните површини и во јавното зеленило.

**Член 22**

Одржувањето на јавното осветлување на јавните површини и во јавното зеленило се врши врз основа на договор со избраниот субјектот во кој што е утврдена динамиката и обемот на одржувањето како и финансиските средства потребни за одржување на јавното осветлување и потрошената електрична енергија.

ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА НЕРЕГИСТРИРАНИ И
ОШТЕТЕНИ МОТОРНИ И ДРУГИ ВОЗИЛА ОД ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ И ОД ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

**Член 23**

Нерегистрираните моторни возила, како и оштетените и хаварисани моторни и други возила се отстрануваат од јавните површини и јавното зеленило на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 24**

Под оштетено возило односно нерегистрирано во смисла на оваа одлука се смета возила кое поради хаварија, негрижа или дотраеност не може да се движи со силата на сопствениот мотор, и се наоѓа на јавна површина и во јавното зеленило.

**Член 25**

Под отстранување на возила во смисла на оваа одлука се подразбира нивно подигнување од јавната површина и јавното зеленило, нивно чување на простор определен за тоа и по законски утврдениот рок нивно уништување.

**Член 26**

Отстранување на возилата од јавните површини и од јавното зеленило го врши овластен субјект, по налог и во присуство на овластениот комунален инспектор или друго лице овластено од страна на Градоначалникот.

**Член 27**

Отстранување на возилата од член 22 на оваа одлука е должен да го изврши сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото по укажување од страна на комуналниот инспектор или друго лице овластено од страна на Градоначалникот.

Ако возилото од претходниот став сопственикот не го отстрани во рокот определен од комуналниот инспектор или друго лице овластено од страна на Градоначалникот, овластувањето го врши овластен субјект по налог издаден од Овластениот Комунален инпектор на Општина Гази Баба или друго лице овластено од Градоначалникот.

Ако сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото од член 22

на оваа Одлука не е познат или не се пронајде во рок од 30 дена од денот на откривање на возилото, комуналниот инспектор на Општина Гази Баба или друго лице овластено од Градоначалникот издава налог за отстранување на возилото.

**Член 28**

Овластениот субјект го отстранува возилото од член 22 на оваа Одлука на претходно обезбеден простор за оставање на возилата и ги чува до примопредаваање на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото.

Чувањето на возилото неможе да трае подолго од 30 дена од оставање на обезбедениот простор.

По истекот на рокот од претходниот став овластениот субјект го отуѓува возилото согласно важечките правни прописи.

**Член 29**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото, е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето на возилото се врши во просторот определен во член 26 став 1 на оваа одлука.

**Член 30**

Трошоците за возилото што го отстранува и го чува овластениот субјект, се утврдуваат со договор во согласност со закон.

ОТСТРАНУВАЊЕ И ЧУВАЊЕ НА НЕПРОПИСНО ПАРКИРАНИ ВОЗИЛА ОД ЈАВНОТО ЗЕЛЕНИЛО

**Член 31**

Непрописно паркираните возила, се отстрануваат од јавното зеленило на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Член 32**

Под непрописно паркирано возило се смета возилото паркирано на место надвор од таа цел во јавното зеленило.

**Член 33**

Под отстранување на возила во смисла на оваа одлука се подразбира нивно подигнување од јавното зеленило, нивно чување на простор определен за таа намена до нивно подигање од страна на сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото тоа и по законски утврдениот рок до нивно отуѓување.

**Член 34**

Отстранување на возилата од јавните површини (пешачки патеки, тротоари, плочници помеѓу зградите и др) и од јавното зеленило го врши овластен субјект, по налог и во присуство на овластениот комунален инспектор на Општина Гази Баба или друго лице овластено од страна на Градоначалникот.

**Член 35**

Отстранување на возилата од член 30 на оваа одлука е должен да го изврши сопственикот, односно носителот на правото на користење на возилото по укажување од страна на овластениот комунален инспектор на Општина Гази Баба или друго лице овластено од

страна на Градоначалникот.

Ако возилото од претходниот став сопственикот не го отстрани во рокот определен од овластениот комунален инспектор или друго лице овластено од страна на Градоначалникот, отстранувањето го врши овластен субјект по налог издаден од овластениот комунален инпектор на Општина Гази Баба или друго лице овластено од Градоначалникот.

**Член 36**

Овластениот субјект го отстранува возилото од член 30 на оваа Одлука на претходно обезбеден простор за оставање на возилата и ги чува до примопредаваање на сопственикот односно на носителот на правото на користење на возилото.

Чувањето на возилото неможе да трае подолго од 90 дена од оставање на обезбедениот простор.

По истекот на рокот од претходниот став овластениот субјект го отуѓува возилото согласно важечките правни прописи.

**Член 37**

При примопредавањето на отстранетото возило, сопственикот односно носителот на правото на користење на возилото, е должен да приложи доказ за сопственост на возилото и својот идентитет.

Примопредавањето на возилото се врши во просторот определен во член 30 став 1 на оваа одлука.

**Член 38**

Трошоците за возилото што го отстранува и го чува овластениот субјект, се утврдуваат со договор во согласност со закон.

ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНИТЕ УРЕДИ И ОПРЕМА

**Член 39**

Јавните чешми и фонтани изградени на јавните површини и во јавното зеленило на територија на Општина Гази Баба ги одржува Општина Гази Баба.

Јавните чешми и фонтани имаат свој водомер, одводен приклучок и уреден пристап.

**Член 40**

Одржувањето на комуналните уреди и опрема го врши овластен субјект кој е должен да води евиденција за комуналните објекти, уреди и опрема и за настанатите промени.

ДЕЗИНФЕКЦИЈА И ДЕРАТИЗАЦИЈА

**Член 41**

Со дезинфекција се уништуваат штетни бактерии во комуналните објекти.

Со дератизација се уништуваат глувци и стаорци.

**Член 42**

Дезинфекција се спроведува систематски, во согласност со утврдени норми.

Дератизација се спроведува два пати годишно, во периодот февруари -април и септември - ноември, а по потреба и повеќе пати во тековната година.

**Член 43**

Целта на дезинфекцијата и дератизацијата е зачувување на здравјето на граѓаните, отстранување на изворите на заразни заболувања и намалување на можноста за пренесување на зарази.

**Член 44**

Дезинфекцијата и дератизацијата ги врши овластен субјект, врз основа на договор во кој поблиску се утврдува постапката и начинот на нивното вршење, периодот на вршење на овие активности, потребните средства како и други меѓусебни права и обврски на Општина Гази Баба и овластениот субјект.

**Член 45**

Надлежниот општински орган за комунални работи е должен навремено, преку средствата за јавно информирање да ја извести јавноста за времето и начинот на спроведување на дезинфекцијата и дератизацијата и мерките за заштита што треба да ги преземат граѓаните.

ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

**Член 46**

Под одржување на јавни санитарни јазли во смисла на оваа одлука се подразбира поставување, користење и одржување на објекти, инсталациите, санитарните уреди и опрема и во санитарните јазли.

**Член 47**

Одржувањето на јавните санитарни јазли го врши овластен субјект врз основа на договор во кој поблиску се утврдуваат начинот и обемот на одржувањето, потребните финансиски средства и други меѓусебни права и обврски помеѓу Општина Гази Баба и овластениот субјект.

**Член 48**

Куќните совети на колективните станбени згради, сопствениците на индивидуалните станбени објекти и сопствениците на деловните простории се обврзуваат да вршат редовно чистење на снежните врнежи од јавните пешачки патеки и плочниците пред колективните станбени згради, пред индивидуалните станбени објекти и пред деловните простории.

**Член 49**

Не е дозволено чување на крупна и ситна стока, живина и пчели во урбана средина.

НАДЗОР

**Член 50**

Надзор над примената на оваа одлука врши Овластен Комунален инспектор на Општина Гази Баба.

Општинските комунални инспектори и други овластени лица од страна на Градоначалникот вршат инспекциски надзор над јавните претпријатија и над правните и физичките лица кои добиле дозвола за вршење на дејност.

Во вршењето на инспекцискиот надзор, Овластениот Комунален инспектор ги следи и ги утврдува состојбите и презема мерки, при што изготвува записник и го доставува до правното и физичкото лице на кое се однесува инспекцијата.

По извршената инспекција овластениот комунален инспектор на Општина Гази Баба донесува решение врз основа на изготвениот записник.

Овластениот комунален инспектор на Општина Гази Баба има право и долножност да:

ја следи и применува оваа одлука и прописите и актите донесени врз основа на оваа одлука;

ги опоменува правните и физичките лица за однесување кое не е во согласност со оваа одлука и да бара од нив преземање на соодветни дејствија;

нареди извршување на работите ако тие не се извршуваат, или се извршуваат неправилно или непотполно се извршуваат;

забрани вршење на работи без одобрение на Секторот за урбанизам, просторно планирање и заШтитан на животната средина,комуналните дејности и уредување на градежно земјиШте на Општина Гази Баба, односно вршење на работи спротивно на тоа одобрение;

нареди отстранување, на објекти, уреди и опрема поставени спротивно на урбанистичко техничката документација;

покрене постапка пред надлежен суд;

презема и други дејствија за кои што е овластен.

КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

**Член 51**

За непочитување на оваа одлука и за постапување спротивно на укажувањата на комуналниот инспектор ќе се применуваат казнените одредби од Законот за комунални дејности и Законот за управување со отпад.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 52**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Бр. 07 - 293/4**
**од 29. 01. 2008 год.**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85, став 1 од Статутот на Општината Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06), Градоначалникот на Општината Гази Баба, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За објавување на Програмата за работа**
**на Советот на Општина Гази Баба**
**за 2008 година**

1. Се објавува Програмата за работа на Советот на Општината Гази Баба за 2008 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 29.01.2008 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-528/4**
**од 04.02.2008 год.**
**С К О П Ј Е**

**Градоначалник,**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**
**Коце Трајановски, с.р.**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 138, став 2 од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06), Советот на Општината Гази Баба на Триесет и втората седница одржана на 29.01.2008 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за работа на Советот на Општина**
**Гази Баба за 2008 година**

**1. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Основ за изработка на Програмата за работа на Советот се работите што со Закон се ставени во надлежност на Советот. Програмата за работа ја донесува Советот за една календарска година, по предлог на Комисијата за програмирање на работата на Советот на Општината Гази Баба Оваа Програма во текот на годината е отворена и може да се менува и дополнува на начин и постапка како што е и донесена.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за програмирање на работата на Советот на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Одделение за поддршка на Советот и работните тела на Советот

**2. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе се предвиди економскиот развој, вработувањето и едукација на невработените кадри на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**3.ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе бидат опфатени развојот на културата и одржувањето и реконструкцијата на културните домови на подрачјето на Општина Гази Баба со кој истите да бидат ставени во функција на граѓаните.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**4.ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТОТ И РЕКРЕАЦИЈАТА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Програмата ќе бидат опфатени активностите кои ќе допринесат во развојот на спортот и рекреацијата во образовните установи и пошироко на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**5.ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА СОСТОЈБИТЕ, ПРОБЛЕМИТЕ И РАЗВОЈОТ НА ЗЕМЈОДЕЛИЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА.**

**Образложение:** Во Програмата ќе бидат опфатени состојбите, проблемите и развојот на земјоделието на подрачјето на Општината Гази Баба за 2008 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем во соработка со Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство -ПЕ Гази Баба.

**6. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ОСНОВАЊЕ НА МЕЃУОПШТИНСКО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ**

**Образложение:** Во Одлуката ќе бидат опфатени правата и обврските помеѓу Општините Илинден и Гази Баба согласно донесената Спогодба за основање на меѓуопштинско јавно претпријатие.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**7. ПРЕДЛОГ-ЗАВРШНА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ЗА 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Завршната сметка се донесува согласно Законот за Буџетите. Завршната сметка се изготвува во согласност со класификацијата трошоците и се состои од општ и посебен дел и биланс на приходи и расходи.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**8. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ВО 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат опфатени материјалното и финансиското работење на Општината во 2008 година, односно трошењето на средствата од Буџетот на Општината. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година при што ќе се даваат податоци за остварување на Буџетот на Општината.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**9. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈПССДП на РМ-Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирањеи заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**10. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанатите проблеми. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**11. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА**

**ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места на подрачјето на Општината Гази Баба. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секој три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**12. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани реализираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на евентуално настанати проблеми. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**13. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе биде прикажано одржувањето на јавните зелени површини на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година, со предлог на мерки за подобрување на активностите околу одржувањето на истите површини. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои три месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**14. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности кои биле реализирани во тековната година. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**15. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ЗА УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**16. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**17. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**18. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани програмските активности остварени по Програмата. Ваков Извештај ќе биде разгледуван на секои шест месеци во тековната година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**19. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА МАГИСТРАЛНИ И СОБИРНИ УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2007 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани изградбата, реконструкцијата и одржувањето на магистралните и собирните улици на подрачјето на Општина Гази Баба во 2007 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Административно-управните органи на Градот Скопје

**20. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ОДРЖУВАЊЕТО НА УЛИЧНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ВО 2007 ГОДИНА, ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ГРАДОТ СКОПЈЕ**

**Образложение:** Во Информацијата ќе биде искажано одржувањето на уличното осветлување на подрачјето на Општина Гази Баба во 2007 година, а кое е во надлежност на Градот Скопје.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Административно-управните органи на Градот Скопје

**21. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА МЛАДИТЕ ЛУЃЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе биде искажана каква е состојбата и со кои проблеми се судруваат младите луѓе на подрачјето на Општина Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Општина Гази Баба во соработка со младинските невладини оранизации на подрачјето на Општина Гази Баба

**22. ИНФОРМАЦИЈА ЗА СОСТОЈБИТЕ И ПРОБЛЕМИТЕ НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА И ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани состојбите и проблемите во врска со кадровската и техничката опременост на Основните училишта и Детските градинки на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Комисија за општествени дејности
**ИЗГОТВУВАЧ:** Комисија за општествени дејности и Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**23. ИНФОРМИРАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСНАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Со Информирањето ќе бидат искажани состојбите и проблемите од безбедносен аспект, со посебен осврт за движењето и сузбивањето на наркоманијата на

подрачјето на Општина Гази Баба.

Информирање за безбедносната состојба на подрачјето на Општина Гази Баба ќе дадат Градоначалникот на Општината Гази Баба и овластен преставник на МВР.

**24. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ЕКОЛОШКАТА СОСТОЈБА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат искажани состојбите и проблемите од еколошки аспект на подрачјето на Општина Гази Баба (аерозагадување, снабдување и составот на водата за пиење на основа добиените податоци од мерните пунктови, одржувањето на јавната чистота и слично).

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**25. ИНФОРМАЦИЈА ЗА ДОНЕСЕНИ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И ПРОЕКТИ ВО ПОСТАПКА**

**Образложение:** Во Информацијата ќе бидат наведени колку и кои урбанистички планови се донесени во тековната година и проекти кои се во постапка за нивно донесување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**26. УТВРДУВАЊЕ НА НАЦРТ-УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Утврдувањето на Деталните урбанистички планови, урбанистичките планови за села и вон населено место ќе се реализираат согласно Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на Општина Гази Баба за 2008 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**27. ПРЕДЛОГ-ОДЛУКИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** По спроведената постапка за донесување на урбанистички планови согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање се донесуваат Одлуки за донесување на урбанистички планови за подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**28. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ОСНОВНИТЕ УЧИЛИШТА ЗА 2008/2009 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**

**Образложение:** Советот на Општината Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Основните училишта за 2008/2009 година, на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Училишни одбори на Основните училишта

**29. РАЗГЛЕДУВАЊЕ НА ГОДИШНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА НА ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ ЗА 2008/2009 ГОДИНА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

Образложение: Советот на Општина Гази Баба ќе ги разгледува Годишните програми за работа на Детските градинки за 2008/2009 година на подрачјето на Општината Гази Баба

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Управни одбори на Детските градинки

**30. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПРОСТОРОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани сите реализирани мерки во остварувањето на Програмата во текот на 2008 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈПССДП на РМ-Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**31. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат прикажани состојбите и проблемите околу реализирањето на програмираните активности, со предлог на можни решенија за надминување на проблемите.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**32. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2008 ГОДИНА**

**Образложение:** Во Извештајот ќе бидат опфатени финансиските показатели во однос на користењето на средствата наменети за одржувањето на уличното осветлување во населбите и населените места од подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**33. ПРЕДЛОГ-БУЏЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА -СКОПЈЕ ЗА 2009 ГОДИНА, СО ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Правниот основ за донесување на Буџетот и Одлуката за неговото извршување како основен акт и услов за финансирање на Општината во тековната година се Законот за буџетите и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**34. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф" НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работите што се однесуваат на уредувањето на градежното земјиште на просторот на Општина Гази Баба за 2009 година.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** ЈПССДП на РМ-Подрачна единица Скопје и Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**35. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА И УЛИЦИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Во рамките на средствата што се определени за реализација преку Републичкиот фонд за магистрални и регионални патишта ќе се предложи Програма изработена според барањата на граѓаните и нивните потреби. Исто така во Програмата ќе се определат активности за уредување на улиците во населените места и за сервисните и станбени улици на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**36. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УЛИЧНО ОСВЕТЛУВАЊЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Со Програмата се предвидуваат обемот, начинот, динамиката на работите и средствата сврзани со уличното осветлување на подрачјето на Општината Гази Баба.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за финансии и Буџет, локален економски развој, јавни набавки и развој на информациски систем

**37. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНАТА ХИГИЕНА НА ЈАВНИТЕ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работењето и потребните финансиски средства по Програмата.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**38. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ЗЕЛЕНИ ПОВРШИНИ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати обемот и динамиката на работењето и потребните финансиски средства по Програмата.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за урбанизам, просторно планирање и заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште

**39. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со културата во Општина Гази Баба за 2009 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**40. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ ВО УЧИЛИШТАТА ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со културните манифестации во училиштата во Општина Гази Баба за 2009 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба
**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**41. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со спортот во Општина Гази Баба за 2009 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**42. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА УЧИЛИШЕН СПОРТ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати активностите во врска со училишниот спорт во Општина Гази Баба за 2009 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

**43. ПРЕДЛОГ-ПРОГРАМА ЗА ПРОТОКОЛАРНИ АКТИВНОСТИ И ВОСТАНОВЕНИ ТРАДИЦИОНАЛНИ АКТИВНОСТИ ВО ОПШТИНА ГАЗИ БАБА ЗА 2009 ГОДИНА**

**Образложение:** Програмата ќе ги опфати протоколарните и востановени традиционални активности во Општина Гази Баба за 2009 година и потребните финансиски средства.

**ПРЕДЛАГАЧ:** Градоначалник на Општина Гази Баба

**ИЗГОТВУВАЧ:** Сектор за поддршка на Градоначалникот и Советот на Општината

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 07-293/5**
**Од 29.01.2008 год.**
**С к о п ј е**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ГАЗИ БАБА**
**Кире Бузлиев, с.р.**

## СОДРЖИНА

1. ОДЛУКА за изменување и дополнување на Буџетот
на Општина Гази Баба – Скопје за 2008 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .2

2. ОДЛУКА за донесување на Деталниот урбанистички план за „Маџари–Хиподром„–Скопје . . . . . . .4

3. ОДЛУКА за комунален ред во општината Гази Баба . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .8

4. ПРОГРАМА за работа на Советот на Општина Гази Баба за 2008 година . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .19

"Службен гласник на Општина Гази Баба"

Издавач: Општина Гази Баба | главен и одговорен уредник: Љубомир Велевски
бул. Александар Македонски бб - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж: 100 примероци